# Упатство за регистрирање нов корисник во Prima MEDICA / Prima DENT

За пристап до формата за најава на нов корисник се одбира *Сервис/Нов корисник* од главното мени.

На екран се добива следната форма:




На формата податоците кои треба да се внесат се поделени во два панела. Во првиот панел се пополнуваат корисничко име и лозинка. За избор на корисничко име нема некои ограничувања освен истото да не се користи веќе во Prima MEDICA/DENT. Законот за заштита на лични податоци обврзува некои правила при креирање на лозинка на корисникот. Лозинката треба да биде долга најмалку 8 знака, задолжително да содржи барем една мала, една голема буква, бројка и специјален знак. Како специјални знаци се користат следните симболи: !, @, #, $, %, ^, &, *, ?, +, -, =, ~.




Лозинката треба да се внесе 2 пати заради проверка да не е направена грешка при внесот. Откако ќе се пополнат податоците се притиска на копчето Валидација. Со валидацијата се прави контрола за исправноста на лозинката и проверка на внесеното корисничко име.

***Напомена: Внимавајте при внесувањето на лозинката да не биде вклучен Caps Lock***

Откако ќе помине валидацијата и ќе се појави порака за потврда на валидноста, се преминува во вториот панел каде се пополнуваат останатите податоци: Име, Презиме, Работна Единица, Улога и Факсимил.




При избор на Улога, доколку отварате ново корисничко име за лекар се бира улогата LEKAR, за сестра се одбира SESTRA, а ако е специјалистичка пракса тогаш на лекарот му се доделува улога SPECIJALIST или SPECIJALISTICKA.

При избор на работната единица најчесто се одбира работна единица  со шифра 1-

Примарна здравствена заштита или Стоматологија. Во случај кога корисничкото име се однесува на лекар специјалист тогаш се одбира соодветната работна единица која претходно е најавена за специјалистот . За корисник кој има улога LABORANT се одбира работна единица LABORATORIJA. За корисник со улога SESTRA работната единица е со шифра 1 –ПЗЗ/Стоматологија.

Полето факсимил се пополнува само за корисник со улога LEKAR или SPECIJALIST.  За корисници со улога SESTRA или LABORATORIJA  не се пополнува овој податок.

После ова се клика на *Запиши*. Следното стартување на програмот може да се користи новиот корисник.